РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 17. 234/2
12. 02 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 5 и член 15 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка на здруженија и фондации, („Службен гласник на Општина Бутел" бр. 3/2021) и Програмата за култура за 2025 година на Општина Бутел („Службен гласник на Општина Бутел" бр.18/2024), Комисијата за спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка на здруженија и фондации распишува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за изразување интерес за проектна соработка**
**со здруженија и фондации за користење на средства наменети за организирање и реализирање на манифестација**
**"Прочка Љубанци 2025 година"**

## 1. ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ

Општина Бутел врз основа на усвоената Програма за култура за 2025 година, а донесена на Совет на 26.12.2024 година со број 08-2350 објавува Јавен повик за културна манифестација „Прочка- Љубанци 2025 година". Заради остварување на јавниот интерес на своите граѓани во областа на културата, на Јавниот повик за изразување интерес за проектна соработка со здруженија/фондации за користење на средства наменети за организирање и реализирање на културната манифестација „Прочка-Љубанци 2025 година", ќе поддржи предлог програма/проект на здружение/фондација кој преку оваа манифестација ќе обезбеди афирмација на културата на подрачјето на Општина Бутел.

Приоритетни цели на Општина Бутел за реализација на културната манифестација „Прочка-Љубанци 2025 година" се:

- Периодот на реализација на културната манифестација да биде на 2 март
- Да вклучува учество на ученици од сите основни училишта на подрачјето на Општина Бутел, кои се талентирани во областа на креативно маскирање
- Да вклучува и учесници од жителите на село Љубанци и останати жители од Општина Бутел што сакаат да земат учество на оваа манифестација

## 2. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Финансиските средства наменети за организација и реализација на проектот „Прочка-Љубанци 2025 година" се предвидени во Буџетот на Општина Бутел за 2025 година, Програма К4 - Културни манифестации и творештво, ставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации
За организирање и реализирање на културната манифестација „Прочка-Љубанци 2025 година" вкупно се предвидени 150.000,00 денари

## 3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на овој јавен повик имаат сите здруженија и фондации кои сметаа дека можат да бидат организатори на оваа манифестација.

Општи критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите со цел учество на јавниот оглас се:

- Да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) најмалку една година пред објавување на огласот
- Да се занимаваат со активности и проекти од областа на обичаите, традицијата, негувањето на културното наследство
- Здружението/фондацијата да има реализирано најмалку два проекти во приоритетната област наведена во овој Јавен повик

## 4. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Здруженијата и фондациите кои се пријавуваат на јавниот повик треба да достават:

- Пријава за финансиска поддршка
- Копија од решение за регистрација од Централен регистар
- Изјава дека Здружението/Фондацијата е согласно неговите податоци да бидат искористени за оваа пријава
- Копија од тековна состојба од Централен регистар на Р.С.Македонија не постара од шест месеци

Пријавата и документацијата пропишана во овој Јавен повик се доставува во затворен коверт до Архива на Општина Бутел, ул. Бутелска бр.4, со назнака за „Јавен повик за изразување интерес за проектна соработка со здруженија и фондации за користење на средства наменети за организирање и реализирање на манифестација „Прочка-Љубанци 2025 година"

Јавниот повик трае од 12.02.2025 година до 21.02.2025 година.

Учесниците на Јавниот повик за резултатите ќе бидат известени со Решение донесено од Градоначалникот на Општина Бутел.

Комисија за спроведување на постапка за доделување на финансиска поддршка за здруженија,фондации за организирање на манифестација „Прочка-Љубанци 2025 година"

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА
Валентина З.Стефановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
СКОПЈЕ